# КОНКУРС ЗА ПРИЗНАНИЕ ЗА ПРИДОНЕС ВО ТУРИЗМОТ ЗА 2019-та година

## НАСОКИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Август 2019

**Ве молиме да ги доставите вашите пријави по пошта или преку Архивата** (во затворен плик), на адреса: Министерство за економија на Република Северна Македонија-Сектор за туризам и угостителство, ул. „Јуриј Гагарин“ 15, 1000 Скопје. Пријавите треба да се испратат со назнака или наслов на пораката „За Признание за придонес во туризмот за 2019-та година “.

**Краен рок за поднесување на предлозите е 10- ти септември 2019 година**


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikë së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин “ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

## I. ЦЕЛ НА ПРИЗНАНИЈАТА

Целта на воспоставената награда за придонес во туризмот е да им оддаде признание на сите поединци, здруженија и претпријатија кои изминатата година дале свој придонес кон растот и развојот на туризмот во Република Северна Македонија. Признанијата се нематеријални и имат за цел да ги потврди добрите практики на сите чинители во туризмот во земјата.

## II. КАТЕГОРИИ НА ПРИЗНАНИЈАТА

* Најуспешен Хотел во категориите (спа, планински, езерски, градски и нова инвестиција);

* Најдобра услуга во хотели;

* Најуспешен ресторан;

* Најуспешен Сместувачки капацитет од физичко лице;

* Најуспешна Туристичка агенција;

* НајуспешнаТуристичка агенција за дојдовен туризам;

* Најуспешна Манифестација од областа на туризмот;

* Најдобар Туристички водич;

* Најдобар реализиран Проект од областа на туризмот и

* Придонес во областа на туризмот.

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО И ПРАВО НА ПРЕДЛАГАЊЕ

Право на предлагање на кандидати за награди имаат институции, претпријатија, здруженија, коморите, општините, група граѓани или поединци. Министерството го задржува правото да не додели Признание во одредена категорија доколку процени дека предлозите не ги задоволуваат критериумите од конкурсот. Министерството го задржува самостојно да даде предлози и да ги додели Признанијата доколку предлозите не ги задоволуваат критериумите од конкурсот. Дополнително, Министерот ќе додели посебни признанија на поединци, организации и компании кои дале особен придонес во туризмот.

За да бидат подобни за учество истите треба да ги задоволат следните критериуми:

| | |
|---|---|
| Доколку се аплицира во категоријата ресторан, хотел или сместувачки капацитет од физичко лице | ☐да е категоризиран согласно правилниците на Министерство за економија |
| Доколку се аплицира во категоријата туристичка агенција | ☐да поседува лиценца А или Б издадена од Министерството за економија |
| Доколку се аплицира во категоријата нова инвестиција во хотел | ☐инвестицијата да е официјално завршена во 2019-та година |
| Доколку се аплицира во категоријата проект или манифестација | ☐проектот да е реализиран во 2019-та година |
| Доколку се аплицира во категоријата туристички водич | ☐да е лиценциран и регистриран во регистарот на туристички водичи |

Предлозите кои нема да ги исполнат горенаведените критериуми ќе бидат отфрлени уште во административната фаза на евалуација.

## IV. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Предлозите се доставуваат во писмена форма на Формулар за пријава по пошта или преку Архивата на Министерството за економија, ул. Јуриј Гагарин 15, 1000 Скопје, во затворен плик со назнака: “За Признание за придонес во туризмот за 2019-та година”, најдоцна до 10.09.2019 година.

Министерството може да побара дополнителни информации или докази кои го потврдуваат наведеното во Формуларот за пријава.

## V. ЕВАЛУАЦИЈА

Комисија формирана од Министерот ќе ги разгледа предлозите и ќе го направи изборот врз однапред утврдени критериуми. Во секоја категорија предвидено е да се доделат по три награди.

Министерството може да побара дополнителни информации или докази кои го потврдуваат наведеното во Формуларот за пријава.

Евалуацијата ќе се одвива во две фази:

- Административна проверка и
- Квалитативна проверка.

**Административната проверка се состои од следното:**

| | |
|---|---|
| Назив на предлогот | |
| Категорија | |
| Дали предлогот е доставен во дадениот рок | ☐ да ☐ не |
| Дали предлогот е доставен од подобен предлагач | ☐ да ☐ не |
| Дали предлогот е поднесен согласно насоките за поднесување на предлог (во затворен плик, преку архивата или по пошта) | ☐ да ☐ не |
| Доколку се аплицира во категоријата ресторан, хотел или сместувачки капацитет од физичко лице | ☐да е категоризиран согласно правилниците на Министерство за економија |
| Доколку се аплицира во категоријата туристичка агенција | ☐да поседува лиценца А или Б издадена од Министерството за економија |

| | |
|---|---|
| Доколку се аплицира во категоријата нова инвестиција во хотел | ☐инвестицијата да е официјално завршена во 2019-та година |
| Доколку се аплицира во категоријата проект или манифестација | ☐проектот да е реализиран во 2019-та година |
| Доколку се аплицира во категоријата туристички водич | ☐да е лиценциран и регистриран во регистарот на туристички водичи |

Предлозите кои нема да ги исполнат горенаведените критериуми ќе бидат отфрлени уште во административната фаза на евалуација и нема да поминат во фазата на бодување.

**Квалитативна проверка и бодување**

За секоја категорија и поткатегорија ќе бидат направени квалитативни евалуациони листи за бодување на проектите согласно следните критериуми:

*За секој од критериумите се даваат бодови од 1-10 (1 најмалку се сложувам, 10 најмногу се сложувам)*

| Критериум | Хотел 1 | Хотел 2 | Хотел 3 | Хотел X | Хотел X |
|---|---|---|---|---|---|
| Предлогот има директен импакт врз развојот на туризмот во РСМ | | | | | |
| Предлогот остварил резултати во дејноста кои имаат придонес кон растот на туризмот во | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| РСМ | | | | | |
| Предлогот придонесува кон подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во РСМ | | | | | |
| Предлогот придонесува кон зголемување на бројот на туристи во РСМ | | | | | |
| Предлогот е во согласност со препораките на Светска Туристичка Организација за иновации и дигитализација во туризмот | | | | | |

По собирањето на вкупните бодови, се пристапува кон креирање на ранг листа во секоја категорија и поткатегорија поединечно. Најдобрите три од секоја категорија и поткатегорија се предлагаат за Признание. За својата работа Комисијата составува Записник со предлог за избор на Признание за придонес во туризмот за 2019-та година.

Наградите ќе бидат доделени на свеченост по повод Светскиот ден на туризмот на 27-ми Септември 2019 година.